Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, РЕХАБИЛИТАЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2024 ГОДИНА**

1. Се објавува Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта на Општина Гази Баба за 2024 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 27 декември 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-9396/13**
**од 28 декември 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

ул.Архимедова бр.2
1000 Скопје, Македонија

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Сектор за градежништво, комунални работи и сообраќај**

# ПРОГРАМА

# ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, РЕХАБИЛИТАЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2024 ГОДИНА

**Декември, 2023 година**

Врз основа на член 22 став (1) точка 1, член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 14 став (4) од Законот за јавните патишта ("Службен весник на РМ" бр.84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16, 163/16 и "Службен весник на РСМ" бр.174/21 и 253/23) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на триесет и шесттата седница одржана на 27 декември 2023 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

## ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, РЕХАБИЛИТАЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2024 ГОДИНА

### I. ВОВЕД

Со оваа Програма се утврдуваат финансиските средства за изградба, реконструкција и рехабилитација, како и за редовно, инвестиционо и зимско одржување на локалните улици и патишта во надлежност на Општина Гази Баба за 2024 година, нивниот распоред и користење по намени.

### II. ПРИХОДИ

Финансиските средства за изградба, реконструкција, рехабилитација како и за редовно, инвестиционо и зимско одржување на локалните улици и патишта во Општина Гази Баба за 2024 година се утврдуваат во износ од 77.000.000,00 денари, што ќе се остварат од следниот извор:

- Од ЈП за државни патишта на РМ (средства за 2024 година) - 5.800.000,00 денари; и
- Од Буџетот на Општина Гази Баба (средства за 2024 година) - 71.200.000,00 денари, претставени во табеларниот приказ даден во прилог.

**ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, РЕХАБИЛИТАЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2024 ГОДИНА**

## III. РАСХОДИ

**Расходите во висина на приходите во износ**

| Бр. | | Планирана активност | ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА: БУЏЕТ НА ОГБ содржани во ФА | ДОНАЦИЈА | БУЏЕТ НА РМ (ЈП за државни патишта) | ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА СКОПСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН | ЕУ ФОНДОВИ | КРЕДИТ | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | во месеци | извори на финасирање во МКД | | | | | | во МКД |
| 1 | Ј6 | За редовно одржување со крпење на ударни дупки на локалните патишта и улици и тоа:<br>а) Локални патишта ЛГБ<br>б) Улици низ Општината | | 3,000,000.00 | | 0.00 | | | | **3,000,000.00** |
| 2 | Ј6 | Инвестиционо одржување (надградба со зајакнување на коловозни конструкции) на пристапни улици и патишта, кои претставуваат делници на локален пат и тоа:<br>а) Локални патишта ЛГБ<br>б) Улици низ Општината | | 61,200,000.00 | | 5,800,000.00 | | | | **67,000,000.00** |
| 3 | ЈД | Предвидено зимско одржување на ЛГБ 1, ЛГБ 4, ЛГБ 8, ЛГБ 2 и улици во надлежност на општината | | 7,000,000.00 | | 0.00 | | | | **7,000,000.00** |
| | | | | | | | | | | |
| | | ВКУПНО | | **71,200,000.00** | **0.00** | **5,800,000.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **77,000,000.00** |
| | | | | | | | | | | |
| | | Структура во % | | **92.47** | **0.00** | **7.53** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | |

**IV. Преглед на планирани приходи и расходи**

| | | |
|---|---|---|
| Вкупно планирани приходи: | по точка 2.1 | 77.000.000,00 ден. |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | | 77.000.000,00 ден. |
| Вкупно планирани расходи: | по точка 3.1 | 3.000.000,00 ден. |
| | по точка 3.2 | 67.000.000,00 ден. |
| | по точка 3.3 | 7.000.000,00 ден. |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | | 77.000.000,00 ден. |

**V. Преодни и завршни одредби**

За спроведување на оваа програма, надлежен е Градоначалникот на Општина Гази Баба.

Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2024 година, е во согласност со планираните средства во Буџетот на Општина Гази Баба за 2024 година.

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен Гласник на Општина Гази Баба'', а ќе започне да се применува од 01.01.2024 година.

**Број 09-9142/15**
**од 27 декември 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**